**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Мики Лазаров**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино**
**ул.Солунска бр.4**
**тел. 043/210-535**

**Образец бр.66**

**И.бр. 572/2024**

Извршителот Мики Лазаров од Велес, ул.Солунска бр.4 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Бурхан Исмети од Велес со ЕМБГ и живеалиште на с.Горно Оризари преку полномошник Адвокат Душко петров, засновано на извршната исправа МАЛБП.2/24 од 20.03.2024 година на Основен суд Велес, против должникот Сами Таировски со немање активно живеалиште во Р.С.М застапуван од старател во посебен случај Зорица Босилкова, за спроведување на извршување во вредност од 55.000,00 денари на ден 31.10.2024 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

-КП 1718, во место викано ШАТОРКА, катастарска култура 11000, класа 4, со површина од 1960м2 во сопственост на должникот Сами Таировски заведен во имотен лист број 259 за КО Бањица,

-КП 1718, во место викано ШАТОРКА, катастарска култура зз н , класа 3, со површина од 1203м2 во сопственост на должникот Сами Таировски заведен во имотен лист број 259 за КО Бањица,

Продажбата ќе се одржи на ден 19.11.2024 година во 13:00 часот во просториите на Извршител Мики Лазаров

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок И.бр.572/24 на извршителот Мики Лазаров изнесува 287.575,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености залогата што се реализира во корист на доверителот со прибелешка на Извршител Мики Лазаров И.бр.572/24 година. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, најдоцна до 18.11.2024 година.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 250100402016121 која се води кај Шпаркасе банка АД Скопје и даночен број 5004017508885

Даночните обврски по основ на продажбата паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од осум дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Д.-на: доверител
должник
Општина Велес - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци, такси и други надоместоци
УЈП-Велес

И З В Р Ш И Т Е Л
Мики Лазаров

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ИЗВРШИТЕЛ МИКИ ЛАЗАРОВ ВЕЛЕС

X

01.11.2024

Signed by: Miki Lazarov

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Велес согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.